РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1583/2
14.08 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за правна едукација и транспаретност Станица Пет, ул. Прилепски бранители бр. 234, Прилеп со број 10-1583/1 од 06.08.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Станица Пет, заверено под број 10-1583/1 од 06.08.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Станица Пет, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 06.08.2024 година заверено под број 10-1583/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: дали Општината има донесено стратешки документ за здравствена заштита; одлука од Советот на Општина Ресен за здравствена заштита во период од 2023-2024 година; колку средста од Буџетот на Општина Ресен се издвоени за здравствена заштита во 2023 и колку во 2024 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека: На веб страната на Општина Ресен во Службен гласник бр. 19 од 2023 година е објавена програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 на страна број 41 од горенаведениот Сл.Гласник, на следен линк:
https://resen.gov.mk/wpcontent/uploads/2023/12/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-19-2023.pdf
Друга одлука донесена од Советот на Општина Ресен за здравствена заштита за 2023-2024 година нема; исто така Ве известуваме дека во Буџетот на Општина Ресен за Секторот за здравствена заштита за 2023 година и за 2024 година не се планирани средства.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН